ДЗР

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT**
**STATE AUDIT OFFICE**

**Број:** 04-1303/2
**Датум:** 16.12.2021

Врз основа на член 6 став 2 од Закон за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20) член 30 став (3), член 48 став (3) од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20 и 215/21) а во врска со член 8 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија број 01-690/1 од 03.06.2021 година, и член 6, член 8 и член 9 од Правилник за систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија заверен под број 01-803/1 од 28.08.2020 година, број 01-803/2 од 28.10.2020 година, број 01-341/1 од 11.02.2021 година и број 01-341/4 од 22.02.2021 година и Известување за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за унапредување број 18-1608/2 од 19.02.2021 година, на ден 16.12.2021 година се објавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС

**за унапредување на еден (1) извршител на работно место Помошник на главниот државен ревизор за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата" со шифра на работно место РЕВ0101Б02001**

**Општи услови кои треба да ги исполнат кандидатите за унапредување на наведеното работно место се:**

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;
2) активно да го користи македонскиот јазик;
3) да е полнолетен/на;
4) да има општа здравствена способност за работното место, и
5) со правосилна судска пресуда да не му/и е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Услови определени со Законот за административни службеници и Колективниот договор на ниво на ДЗР за интерно унапредување кои треба да ги исполнат кандидатите за работното место се:**

1) оценет/а со оценка „А" или „Б" при последното оценување;
2) да е на работно место на пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас;



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

3) да поминал најмалку една година на тековното работно место;
4) да не му/и е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас;

**Посебни услови кои треба да ги исполнат кандидатите за наведеното работно место се:**

1) ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, економски или правни науки;
2) најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;
3) Потврда за положен испит за административно управување;
4) Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
5) Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
6) Уверение за овластен државен ревизор.

Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- раководење и
- финансиско управување.

**Начин и време на поднесување на пријава за унапредување и спроведување на постапката на селекција и избор за унапредување**

Согласно член 8 став (9) од Колективниот договор на ниво на Државен завод за ревизија, по објавениот оглас следува спроведување на постапката на селекција за унапредување која што ја спроведува Комисија за селекција за унапредување, составена од три члена и нивни заменици назначена од Главниот државен ревизор.

Со кандидатите за кои ќе се утврди дека ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, Комисијата за селекција спроведува интервју.

На кандидатот на кој му е доделено овластување за вршење работни задачи на друго работно место, покрај оние кои ги извршува на работното место на кое е распореден, комисијата го верифицира како работно искуство за нивото на работно место за кое има добиено овластување.

Комисијата го верифицира работното искуство на кандидатите кои самостојно раководеле со тим и со процесот на ревизија, се стекнале со соодветно работно искуство и вршеле други работи и задачи покрај оние кои ги извршувале на работното место на кое биле распоредени.

Врз основа на извештајот од спроведената постапка, Комисијата до Главниот државен ревизор доставува предлог за избор на најдобар кандидат или доставува предлог за невршење избор на кандидат.

Во рок од три дена од добивањето на предлогот за избор, Главниот државен ревизор донесува одлука за избор или одлука за невршење на избор.

Одлуката за избор се доставува до кандидатите за унапредување и се објавува на огласна табла во Државниот завод за ревизија.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнетата пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата ја доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси, најдоцна до 21.12.2021 година (вторник) до 16 часот.

Пријавата можат да ја преземат електронски од веб страната на Државниот завод за ревизија и истата пополнета да ја достават преку архивата на Државниот завод за ревизија, или по пошта на адреса ул. „Павел Шатев“ број 2, Палата „Емануел Чучков“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија до: Државен завод за ревизија-Одделение за човечки ресурси.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Пријавите доставени преку пошта, треба да бидат примени во архивата на Државниот завод за ревизија најдоцна до истекот на денот на завршување на рокот за пријавување на интерниот оглас. Ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

Кандидатите вработени во Државниот завод за ревизија заедно со пријавата за унапредување не се должни да доставуваат во прилог докази дека ги исполнуваат посебните услови за работното место на кое се пријавуваат за унапредување доколку истите ги приложиле при вработувањето односно при распоредувањето на работните места на кои се распоредени во моментот на поднесување на пријавата, или со истите располага Одделението за човечки ресурси, како што се докази за

стручни квалификации, работно искуство (стаж) во Државниот завод за ревизија, издадени овластувања, познавање на компјутерски програми за канцелариско работење односно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) а во спротивно, или доколку располагаат со поажурни докази, должни се истите да ги поднесат заедно со пријавата.

Одделението за човечки ресурси по барање на Комисијата за селекција за унапредување ќе доставува податоци со кои располага во постапката на оценување на исполнетоста на условите од страна на кандидатите.

Во случај да се утврди дека за некој кандидат нема соодветна евиденција или доказ, Одделението за човечки ресурси директно ќе го извести кандидатот и во разумен рок ќе побара обезбедување на доказите.

Со кандидатите за кои ќе се утврди дека ги исполнуваат условите утврдени во овој интерен оглас, Комисијата за селекција назначена од главниот државен ревизор ќе спроведе интервју во време и место за кое уредно ќе ги извести кандидатите.

По спроведеното интервју, а согласно член 8 став (12) од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија, Комисијата за селекција до главниот државен ревизор ќе достави предлог за предлог за избор на најдобар кандидат за работното место за кое е објавен огласот или доставува предлог за невршење избор на кандидат.

По доставувањето на предлогот за избор, Главниот државен ревизор согласно член 8 став (13) ќе донесе одлука за избор на кандидати во рок од три дена од денот на приемот на предлогот за избор, која што ќе се достави до кандидатите за унапредување и ќе се објави на огласна табла во Државниот завод за ревизија.

Република Северна Македонија
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

**Одделение за управување**
**со човечки ресурси**